Уп. Бр.08-127/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво за производство на електрична енергија ГЕН-И СОНЦЕ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Партизански одреди бр. 15 А/1, Центар, Скопје, преку Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 20.09.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Друштво за производство на електрична енергија ГЕН-И СОНЦЕ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Партизански одреди бр. 15 А/1, Центар, Скопје, ќе стекне самостојна контрола над Друштво за производство, трговија и услуги КАВ СОНЦЕ ДОО увоз-извоз Кавадарци, со регистрирано седиште на ул. Ило Костов бр. 31, Кавадарци, Северна Македонијапо пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 22.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Друштво за производство на електрична енергија ГЕН-И СОНЦЕ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Партизански одреди бр. 15 А/1, Центар, Скопје, со која ГЕН-И СОНЦЕ ДООЕЛ Скопје ќе стекне самостојна контрола над Друштво за производство, трговија и услуги КАВ СОНЦЕ ДОО увоз-извоз Кавадарци, со регистрирано седиште на ул. Ило Костов бр. 31, Кавадарци, Северна Македонијапо пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ГЕНИ-И СОНЦЕ ДООЕЛ Скопје** припаѓа на ГЕН-И Групата на друштва, активна на следниве пазари преку своите зависни друштва: Словенија, Австрија, Италија, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Северна Македонија, Албанија, Грција, Турција, Украина и Грузија. Главните активности на ГЕН-И Групата се:

- снабдување со електрична енергија и природен гас до крајни корисници;
- трговија со електрична енергија и природен гас;
- набавка на електрична енергија од големи производителите и од производители кои користат обновливи извори на енергија и високо ефикасни когенеративни постројки (РЕС или ЦХП);
- обезбедување на услуги за енергетска самодоволност и ефикасност на поединци и друштва;
- обезбедување на напредни услуги на деловни партнери и потрошувачи; и
- портфолио на иновативни производи и услуги на енергетскиот пазар во Југоисточна Европа.

ГЕН-И Групата е присутна во Северна Македонија преку ГЕН-И СОНЦЕ ДООЕЛ Скопје со дејност производство на електрична енергија  и Друштво за продажба на енергија ГЕН-И ПРОДАЖБА НА ЕНЕРГИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Партизански одреди бр. 15 А/1, Центар, Скопје и со приоритетна дејност – трговија на електрична енергија.

**КАВ СОНЦЕ ДОО Кавадарци** со приоритетна дејност производство на електрична енергија е друштво за посебна намена основано за развој на 8,3 MW AC фотонапонска електроцентрала во близина на Кавадарци, Северна Македонија, на територијата на катастарската општина Љубаш-вон град. Покрај тоа што го развива соларниот парк Љубаш 2, КАВ СОНЦЕ ДОО Кавадарци е исто така носител на (а) Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија и (б) Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со природен гас, и двете издадени од страна на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

КАВ СОНЦЕ ДОО Кавадарци немало било какви активности и нема остварено било каков приход во 2022 година. Во моментот тоа неактивно на било кој пазар.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**